Архивски број: 0801-336/4
25.11.21 година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-336 од 25.10.2021 поднесена од [redacted] од Кочани преку полномошник Адвокатка [redacted] од Кочани против Основен Суд Кочани за сторена дискриминација врз основа на образование во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 16.11.2021 го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на образование во областа на работата и работните односи од страна на Основен суд Кочани врз [redacted] од Кочани.

### Образложение

На 25.10.2021 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од [redacted] од Кочани преку полномошник Адвокатка [redacted] против Основен Суд Кочани за сторена дискриминација врз основа на образование во областа на работата и работните односи.

Согласно наводите од претставката, подносителот е вработен на работно место судски полицаец, со звање припадник на судска полиција во Основниот суд во Кочани. Тој на 04.02.2021 поднел барање за утврдување на бодови за степен на образование после вработувањето. Ова барање го темели на завршениот Земјоделски факултет на Универзитетот Гоце Делчев во Штип, со што се стекнал со степен на образование VII-1 и 240 ЕКТС. Подносителот смета дека согласно Законот за судска служба, после завршувањето на споменатиот факултет, треба да му се додадат 100 бодови при пресметката и исплатата на плата, по основ дополнително стекнат степен на образование. Барањето за носење на решение за пресметување на плата било одбиено како неосновано со решение бр. СУ-04-9/21 од 09.03.2021 на Основниот суд Кочани, а ваквото решение е потврдено со решение бр. ССС бр. 38/2021 од 25.03.2021 на Советот за судска служба, донесено по вложена жалба на подносителот против првостепеното решение на Основен суд Кочани. Според подносителот, со споменатите решенија на Основниот суд Кочани и Советот за судска служба врз него е извршена дискриминација врз основа на образование во областа на работата и работните односи. Како доказ кон поднесената претставка и компаратор за докажување на дискриминација, подносителот во претставката се повикува на Решение од Претседателот на Основниот суд Охрид од 23.03.2018, како и Заклучоци од работните


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

средби на граѓанските оддели на Апелационите судови Битола, Гостивар, Скопје и Штип, одржана на ден 23 и 24.11 2012 во Битола.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на подносителот веројатно и дека товарот на докажување треба да премине на потенцијалниот дискриминатор. На 28.10.2021, Комисијата согласно член 24, став 7 и член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави известување до Основен суд Кочани, со барање за писмено произнесување по наводите од претставката, во рок од 15 дена од приемот на известувањето.

На 04.11.2021 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по претставката од страна на Основен суд Кочани. Во поднесокот потенцијалниот дискриминатор наведува дека е точно дека подносителот поднел барање за донесување решение со кое бара во делот на степенот на образование да му се прифаќаат, пресметуваат и исплатуваат дополнителни 100 бодови, бидејќи во меѓувреме, по неговото вработување, завршил високо образование – Земјоделски факултет при Универзитетот Гоце Делчев во Штип и се стекнал со VII 1-ви степен и 240ЕКТС за што доставил Уверение бр. 1505-7/65 од 04.10.2012. Потенцијалниот дискриминатор потврдува дека го одбил ваквото барање како неосновано со и дека Советот за судска служба го потврдил првостепеното решение, по вложената жалба од подносителот. Ваквите решенија според потенцијалниот дискриминатор се донесени затоа што не се исполнети законските услови да на подносителот му се прифаќаат, пресметуваат и исплатуваат дополнителни 100 бодови по однос на дополнително стекнат степен на образование, бидејќи согласно чл. 66 и чл. 67 од Законот за судска служба со основната плата која се исплатува на судскиот службеник се обезбедува вреднување на соодветен степен на образование утврден со актот за систематизација на работните места, за работното место на кое е тој е распореден. Потенцијалниот дискриминатор смета дека дополнително завршеното високо образование на подносителот не е соодветно за работното место на кое работи, ниту пак има било каква поврзаност со основната функција на институцијата во која работи. Дополнително, потенцијалниот дискриминатор смета дека согласно чл. 119, ст. 1 алинеа 3 од Законот за судска служба, во кој се предвидува дека за вршење на работите во судската полиција потребни се соодветни стручни квалификации за тоа работно место. Во конкретниот случај подносителот се стекнал со стручен назив дипломиран инженер агроном – општа насока, што не претставува дополнителни стручни квалификации потребни за работното место судски полицаец. На крај, потенцијалниот дискриминатор го спори и компараторот приложен од страна на подносителот. Согласно образложението од решението бр. ССС бр. 38/2021 од 25.03.2021 на Советот за судска служба, во наведениот пример станува збор за судски полицаец кој дополнително се стекнал со соодветен степен на образование кој одговара на работното место судски полицаец, односно се стекнал со стручен назив дипломиран детектив на Универзитетот ФОН и завршил виша криминалистичко полициска академија.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

По разгледувањето на наводите од претставката, доказите кон претставката и поднесокот за произнесување на потенцијалниот дискриминатори Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај нема повреда на правото на еднаквост на подносителот врз основа на образование во областа на работата и работните односи. Подносителот при поднесувањето на барањето за да му се прифаќаат, пресметуваат и исплатуваат дополнителни 100 бодови бидејќи во меѓувреме, по неговото вработување, завршил високо образование – Земјоделски факултет при Универзитетот Гоце Делчев во Штип и се стекнал со VII 1-ви степен и 240ЕКТС, не го исполнил законскиот услов за соодветен степен на образование утврден со актот за системазација на работните места, за работното место на кое е тој распореден, предвидено со чл. 67 од Законот за стручна служба. Комисијата цени дека со видот на завршеното високо образование и стручниот назив со кој се стекнал – дипломиран инженер агроном, општа насока – подносителот не се здобил со дополнителни соодветни стручни квалификации потребни за работното место судски полицаец, односно не ги исполнил законските услови од чл. 119, ст.1 алинеја 3 од Законот за судска служба. На крај, приложениот компаратор од страна на подносителот е неприменлив во случајов бидејќи истиот го исполнува условот на соодветност на степенот на образование во пресметката и исплатата на основната плата, додека пак дополнително стекнатиот степен на образование на подносителот не го исполнува условот на соодветност на степенот на образование утврден со актот за систематизација на работните места, за работното место на кое е тој е распореден.

Имајќи го предвид елаборираното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ценеше дека во конкретниот случај не станува збор за дискриминација врз основа на образование и одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Доставено до:
- [redacted], Кочани
- Адвокатка [redacted], Кочани
- Основен суд Кочани, ул. Никола Карев бр. 4, Кочани


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk